Влада на Република Северна Македонија
- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

31-01-2024

Архивски број: 08-252/1

До:
**Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**
**Бул. "Гоце Делчев" бр.18 – Скопје (зграда на МРТВ – 14 кат)**

Предмет: Доставување на Годишен извештај на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година

Почитувани,

Во прилог ви доставуваме Годишен извештај на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

Благодариме на соработката.

Со почит,

**Шеф на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Ilir Selmani**

Изработил: Билјана Николовска Жагар
Контролирал: Дејан Герасимовски

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

**КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**бул. „Илинден" бр.2, Скопје**
**02/3115-389, cabinet@primeminister.gov.mk**
**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**

Билјана Николовска Жагар и Дејан Герасимовски и го подготвија следниот
**(името на службените лица)**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2023 до 31.12.2023)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

- **Билјана Николовска Жагар** **biljana.zagar@primeminister.gov.mk**
- **Дејан Герасимовски** **dejan.gerasimovski@primeminister.gov.mk**

2. Број на примени барања - **37**

3. Број на позитивно одговорени барања – **5** **(32 се проследени до имателите на информации)**

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање - /

5. Број на неодговорени барања - /

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) – **1**

**Жалбата е вложена во врска со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено во Канцеларијата на претседателот на Владата, со архивски број 08-1712/1 од 18.12.2023 година. Предметното барање е со иста содржина како и барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер кое барателот го има поднесено исто така до Канцеларијата на претседателот на Владата и е заведено со арх.број 08-861/2 од 26.05.2023 година. Во однос на ова барање од 26.05.2023 година, Канцеларијата на претседателот на Владата има донесено Решение со арх.број 08-861/4 од 14.06.2023 година со кое на барателот, наместо преку електронска пошта, како што е наведено во барањето, му се овозможува пристап до бараната информација преку увид. Предметното решение, преку електронска пошта, кој е наведен од барателот како начин на понатамошна комуникација во врска со барањето, му е доставено на барателот на ден 15.06.2023 година и против истото барателот нема вложено жалба туку напротив неговиот полномошник присуствуваше на увидот, како начин да се запознае со содржината на бараните информации, реализиран на ден 29.06.2023 година, во просториите на Владата на РСМ, факт кој што жалителот не го негира во предметната жалба.**
**Меѓутоа и покрај тоа што жалителот беше запознаен со содржината на бараната информација во законски предвидениот рок, согласно членот 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот повторно поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено во Канцеларијата на претседателот на Владата со архивски број 08-1712/1 од 18.12.2023 година, со истата содржина како и барањето за слободен**

**пристап до информации од јавен карактер, заведено со арх.број 08-861/2 од 26.05.2023 година факт на кој што укажува и самиот жалител во неговата жалба.**
**Имајќи го предвид горенаведеното, а со оглед на фактот дека ваквото барање е со идентична содржина како и претходно доставеното барање од жалителот со арх.број 08-861/2 од 26.05.2023 година, Канцеларијата на претседателот на Владата, постапувајќи согласно членот 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19) каде е наведено дека имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето, на ден 29.12.2023 година, преку електронска пошта, достави известување до жалителот дека се работи за барање по кое е веќе одговорено односно постапено од страна на имателот на информацијата за што е донесено и Решението со арх.број 08-861/4 од 14.06.2023 година врз основа на кое му се овозможува пристап до бараните информации на жалителот преку увид во истите.**
**Доставено произнесување по жалба од Канцеларијата на претседателот на Владата бр.08-104/1 од 16.01.2024 година.**

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - /

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата - /

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање - /

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање - /

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Скопје, 30.01.2024 година**

**Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република**
**Република Северна Македонија**
**(Имател на информации-печат)**

**Билјана Николовска Жагар**

______________________

**Дејан Герасимовски**

______________________
**(службени лица – потпис)**